| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Воден сообраќај |
| **Содржина на денот** | Патуваме со брод |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Александра Стојановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема одржување на хигиената на рацете, и правилна употреба на средствата за дезинфекција. Грижа за хигиената на ликовниот прибор по неговата употреба. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор за водениот сообраќај,п ревозните средства кои сообраќаат по вода (брод, чамец, кајче итн.), бродскиот екипаж – капетан, морнари и нивните задолженија во текот на пловидбата. Разгледувајте сликовници и илустрации на темата.<br>Направете и неколку куси вежби за раздвижување на мускулатурата на горните екстремитети на детето, како подготовка за активноста.<br>За реализација на денешната активност ќе ви бидат потребни лист од блок, водени бои, четка, сад за вода и подлога за сликање. На листот нацртајте контурни линии на брод, или брод со линии за поврзување, кои детето ќе ги поврзе за да добие контура (доколку детето има потреба помогнете за цртање на бродот).<br>Поттикнувајте го детето самостојно и правилно да го користи ликовниот прибор, и да ја користи својата креативност во процесот на ликовното творење. Насочувајте го да слика внимателно, да се обиде да ја наслика целата површина на листот. Може да наслика сонце, небо, бранови, по своја желба. По завршување на активноста, задолжително пофалете го детето.<br>Мотивирајте го ликовниот прибор да го остави чист и на своето место, по негово користење. |